OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 13 март 2019 година

**Официјално: Престижниот финансиски магазин „Global Finance“ ја прогласи Охридска банка Сосиете Женерал за „Најдобра банка во Македонија” за 2019 година.**

---

Финансискиот магазин Глобал Фајненс, публикација на Светска Банка која е достапна во 188 земји во светот, по 26-ти пат по ред ја објави листата на добитници на престижната награда “Најдобра банка за 2019 година” во регионот на Централна и Источна Европа за 2019 година.
Овој меѓународен финансиски авторитет, ја постави Охридска банка Сосиете Женерал на пиедесталот на најдобрите Банки во Централна и Источна Европа, со што стана единствената банка од земјата која четири години по ред е носител на признанието **“Најдобра банка во Македонија”**.

Според уредничкиот одбор на Глобал Фајненс, зад кој стои Светска Банка, најдобри резултати покажува Охридска банка Сосиете Женерал при направената евалуација на објективните и субјективните критериуми, кои го мерат остварувањето натпросечни напори во своето работење при тоа воведувајќи производи и услуги во реално време кои истовремено нудат апсолутна безбедност за клиентите.

*„Најдобра банка во Македонија за 2019 година е повеќе од големо признание, особено кога доаѓа од страна на врвен авторитет како Глбоал Фајненс. Уште повеќе што оваа награда ја добиваме 4та година по ред и со тоа овој успех веќе станува и обврска, а и очекување на нашите клиенти кон нас како финансиска институција. Во годината во која Банката истапи со нова стратешка определба, продолжуваме во ист ритам на чекориме. Овој успех се должи на одличната соработка со сите наши клиенти и на посветената работа на тимот на Охридска банка но, ова е и мотив и визија за тоа каде сакаме да бидеме и во наредните години “* изјави **Бранка Павловиќ**, Претседател на Управниот Одбор на Охридска Банка Соситете Женерал.

*„Ваквите меѓународни признанија се уште една потврда за улогата која Охридска*

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

*банка Сосиете Женерал ја има во банкарскиот сектор во земјата, за нашата стабилност, конзистентност, нашата истрајност и посветеност. Одличните резултати кои во низа ги постигнуваме, како и историски највисокиот раст на добивката на Банката во изминатата година, само покажуваат дека апсолутно го заслужувме ова“* додаде **Павловиќ**.

## *Global Finance* Announces Its 26th Annual Best Bank Awards And Names The Best Banks In Central And Eastern Europe 2019

### Best Banks In Central And Eastern Europe 2019

**REGIONAL WINNER – UniCredit Group**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Albania | **Banka Kombetare Tregtare** | Moldova | **Moldova Agroindbank** |
| Belarus | **Priorbank** | Montenegro | **Crongorska Komercijalna Banka** |
| Bosnia & Hercegovina | **Raiffeisen Bank dd Bosnia i Hercegovina** | North Macedonia | **Ohridska Banka Societe Generale** |
| Bulgaria | **UniCredit Bulbank** | Poland | **Bank Millennium** |
| Croatia | **Zagrebacka banka** | Romania | **Banca Transilvania** |
| Czech Republic | **Ceska Sporitelna** | Russia | **Credit Bank of Moscow** |
| Estonia | **SEB Pank** | Serbia | **Banca Intesa Beograd** |
| Hungary | **OTP Bank** | Slovakia | **Tatra banka** |
| Kosovo | **TEB Bank** | Slovenia | **SKB Group** |
| Latvia | **SEB banka Latvia** | Turkey | **Akbank** |
| Lithuania | **SEB Lithuania** | Ukraine | **Raiffeisen Bank Aval** |

Наградата на Охридска Банка Сосиете Женерал за Најдобра банка во Македонија ќе и биде доделена на свечена церемонија на 19 октомври 2019 година во рамките на годишното собрание на ММФ / Светска банка (IMF/World Bank) во Вашингтон, САД, каде на едно место ќе се сретнат претставници од 22. најдобри банки од Централна и Источна Европа.

За Глобал Фајнанс: Основан 1987 година и денес има читатели во 188 земји ширум светот и тоа претседатели на групации, главни извршни директори, главни финансови директори и финансиски експерти. Веб страната на магазинот (GFMag.com) изобилува со анализи и написи кои претставуваат ризница на 30 годишно искуство на интернационални финансиски пазари и претставуваат вреден извор на релевантни податоци за 192 земји. Седиштето на Глобал Фајнанс се наоѓа во Њујорк, а има канцеларии и во Лондон и во Милано.

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

*За Охридска банка Сосиете Женерал*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 146.000 вработени, со присуство во 66 земји, Групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди во категоријата „Најдобра банка во Македонија“ од трите најважни банкарски авторитети - “Global Finance”, “Euromoney” и “The Banker” и носител на наградата „Најдобра банка во Македонија“ во 2017 година од “Global Finance“ и “Euromoney”. Во 2018 година, банката повторно ја доби наградата за Најдобра банка во Македонија, според познатиот магазин “Global Finance”.*

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Катерина Петровска
Раководител на Дирекција за Маркетинг
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 2 3167 698

Ивана Петревска
Специјалист за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (02) 3 167 682

Мартин Манасков
Специјалист за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (02) 3 167 649